Audit Authority for Audit of Instrument for Pre-Accession Assistance of North Macedonia

**Ревизорско тело за ревизија на ИПА**

***VII ми СКС за ИПАРД III Програма – Рурален развој***

***за период 2021-2027 за ИПА III***

# VII ми Секторски комитет за следење на ИПАРД III Програмата 2021-2027 – 06.05.2026

Почитувани, на кратко ќе Ве информирам за спроведените и планираните активности на Ревизорското тело за ревизија на ИПА (РТ) после одржаниот шести секторски комитет за следење, кој се одржа на 10.12.2025 година во Скопје.

Имајќи предвид, дека во декември 2025 година, Ве известивме за активностите кои РТ ги спроведува, тоа што Би сакала да го споделам за овој Комитет кој се одржува во месец мај 2026 година, за активностите на РТ се со овој статус, а кои се во согласност со три-годишната ревизорска стратегија (РС) за период 2026-2028. Ревизорската стратегија за периодот 2026-2028 беше доставена до ГД Агри и НАО/МС на 28.11.2025 година, во кој беа предвидени следните ревизорски активности:

Ревизорски активности кои се однесуваа за ФГ 2025 и кои беа комплетирани се:

- три системски ревизии во ИПАРД Агенцијата, во НАО/МС и ТУ;
- двете ревизии на операции за декларирани трошоци за К3 и К4 од ФГ 2025;
- финансиската ревизија за доставените сметки и ревизија на годишната изјава за управување издадена од НАО за ФГ 2025 и
- две ревизии кои се однесуваа на екс-пост ревизијата за декларираните трошоци за 2020 година и ревизија на долгови од ИПАРД 2 Програмата.
- Годишен извештај за ревизорска активност и годишното ревизорско мислење за ИПАРД III програмата, РТ го достави на 13/03/2026. Издадовме неквалификувано мислење, односно дека финансиските извештаи даваат вистинска и објективна слика, расходите пријавени до Комисијата се законски и регуларни, а воспоставените системи за управување и контрола функционираат правилно. Ставен е пасус за нагласување на материјата, но не влијае на нашето мислење , а кој се однесуваше на: недоволен број вработени во Агенцијата, испразнети/непополнети клучни позиции во ИПАРД Агенцијата и Телото за управување со ИПАРД, несоодветни простории за работа и услови за извршување на работни задачи во ИПАРД Агенцијата, дел од опремата не е ставена во употреба, употреба на несоодветни референтни цени, недостаток на ревизорска трага за подготовка на технички предлог проект од страна на давателот на услуги и некои слабости во врска со сметководствениот систем.

За ФГ 2026 година продолжуваме со сите видови ревизии, односно ќе започнеме со ревизија на операции, веднаш штом НАО/МС ќе декларира трошоци до ГД Агри.

Изработила: Љубица Локвенец, ПГРИПА, СР 4
Помошник на Главниот ревизор за ИПА,
Сектор за ревизија на ИПАРД Програмата

Скопје, 15 април 2026 година

Co-funded by the European Union

IPARD
ИПАРД Програма 2021-2027
IPARD Programme 2021-2027

Ко-финансирано од Северна Македонија